МАЛВП-397/2023

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД БИТОЛА со судијата Кирил Јовановски како судија поединец, постапувајќи по тужбата од тужителот Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола ул.Новачки пат бб Битола застапуван од полномошник адвокат Јован Лалевски од Битола против тужениот Тони Герасимов од Виница ул.Христо Узунов бр.19 Виница, основ долг, вредност 24.466,00 денари, без одржување на рочиште на ден 26.03.2024 година ја донесе следната

П Р Е С У Д А

поради неподнесување одговор на тужба

Тужбеното барање на тужителот, СЕ УСВОЈУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Тони Герасимов од Виница да му плати на тужителот Мешовито друштво за производство на сладолед,трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола по основ долг износ од 8.398,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна банка на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8-осум процентни поени сметано од 16.05.2021 година до исплатата, се во рок од 8 дена од приемот на оваа пресуда.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Тони Герасимов од Виница да му плати на тужителот Мешовито друштво за производство на сладолед,трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола по основ надомест на штета износ од 16.068,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна банка на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8-осум процентни поени сметано од 09.05.2023 година до исплатата, во рок од 8 дена од приемот на оваа пресуда.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести парничните трошоци на тужителот во вкупен износ од 15.004,00 денари во рок од 8 дена од приемот на оваа пресуда.

Поголемото барање за надомест на трошоци на тужителот, над досудениот до бараниот износ од 15.604,00 денари, СЕ ОДБИВА.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот во тужбата наведе дека вршел продажба на производи на правното лице ВИН ГЛОБАЛ ДООЕЛ Виница, така што тужителот од една страна се јавувал како продавач на стоки, а именуваното друштво како купувач. На ден 14.05.2019 и 11.07.2020 година тужителот од една страна, ВИН ГЛОБАЛ ДООЕЛ Виница и тужениот склучиле договори за послуга на инвентар и купупродажба на производи, со кои договори тужениот презел обврска доколку правното лице не го врати предметот даден на послуга, на ја надомести неговата противвредност или не ги исплати купените стоки пред и после склучување на договорот или не исполни која и да било обврска од договорот, истиот лично да ги надмести во полн износ како гарант платец. Од деловното работење главниот должник ВИН ГЛОБАЛ ДООЕЛ Виница останал должен во износ од 8.398,00 денари и не го вратил ниту предметот даден на послуга фрижидер марка Угур тип 400 чија изнесува 16.068,00 денари.Поради тоа предложи судот да донесе пресуда со која ќе го задолжи тужениот како лице гарант- платец да му го плати долгот на

тужителот во износ од 24.466,00 денари со зкк.

Тужбата, заедно со приложените докази, со покана за давање на одговор на тужба се уредно доставени до тужениот така што направени се 3 обиди по пошта со препорачана пратка при што пратката се врати со назнака извесен не побарал, а потоа е извршена и достава со објава на огласна табла на судот и веб страната на судот, што се смета за уредна достава согласно чл.128 ст.5 од ЗПП.

Согласно чл.319 ст.1 од ЗПП, ако тужениот не поднесе одговор на тужбата во определениот рок, судот ќе донесе пресуда со која го усвојува тужбеното барање (пресуда поради неподнесување на одговор на тужба) ако бидат исполнети следниве услови, ако: 1) на тужениот тужбата и поканата за давање одговор на тужба му биле уредно доставени; 2) основаноста на тужбеното барање произлегува од фактите наведени во тужбата; 3) фактите врз кои се заснова тужбеното барање не се во спротивност со доказите кои тужителот ти поднел или со општопознатите факти и 4) не постојат општопознати околности од кои произлегува дека тужениот од оправдани причини бил спречен да поднесе одговор на тужба.Во конкретниот случај судот утврди дека се исполнети законските услови за донесување на пресуда поради неподнесување на одговор на тужба поради следното. Тужбата со доказите се смета дека се уредно доставени на тужениот со поканата за давање одговор на тужба во која е предупреден на последиците од неподнесување на одговор на тужба.Тужениот во законскиот рок од 15 дена кој му беше даден, не поднесе писмен одговор на тужба. Основаноста на тужбеното барање произлегува од фактите наведени во тужбата, фактите врз кои се заснова тужбеното барање не се во спротивност со доказите кои тужителот ги поднел или со општопознатите факти и не постојат општопознати околности од кои произлегува дека тужениот од оправдани причини бил спречен да поднесе одговор на тужба.

Тужбеното барање е основано согласно чл.10 и член 251 од ЗОО, како и одредбите од договорот.Одлуката за каматата, судот ја донесе во согласност со чл.266 и чл.266-а од ЗОО.

Поради тоа како и поради причини на економичност на постапката судот одлучи како во изреката на пресудата.

Согласно чл.148 и чл.149 од ЗПП, судот го задолжи тужениот да му ги надомести парничните трошоци на тужителот во вкупен износ од 15.004,00 денари од кои: состав на тужба со ДДВ износ од 4.602,00 денари, судска такса за тужба 1.200,00 денари , такса за пресуда поради неподнесување одговор на тужба износ од 600,00 денари, за вешт наод и мислење 4.000,00 денари и за присуство на вештачење со ДДВ 4.602,00 денари согласно со АТ и Законот за судски такси.

Поголемото барање за надомест на трошоци на тужителот,над досудениот до бараниот износ од 15.604,00 денари судот го одби бидејќи таксата за оваа пресуда е 600,00 денари, согласно ЗСТ.

Судија
Кирил Јовановски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба преку овој суд до Апелациониот суд Битола во рок од 8 дена од денот на приемот на пресудата
ДНА: полн на тужителот, тужениот-лична достава

НАЛОГ ЗА ТАКСА: СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот во рок од 5 дена од доставување на преписот од оваа пресуда да плати такса за одлука во износ од 600,00 денари во спротивно истата ке се наплати присилно преку решение на Управата за јавни приходи зголемена за 50 % по основа на казнена такса